# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 20.03. 2019 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 6 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за нераспишување на референдум за изградба на Централен објект за управување со отпад – (меѓу) регионална депонија за комунален отпад во Свети Николе (месност Мечкуевци – Арбасанци) бр. 0801- 400 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 20.03. 2019 година.

**Бр.0901- 441**
**20.03. 2019 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 26 став 1 и член 28 став 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ„ бр.05/02), член 6 став 2 и член 36 став 1 од Законот за референдум идруги облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на РСМ„ бр.81/05), член 4, член 10 став 3,член 16, член 17 и член 23-а од Законот за управување со отпадот-пречистен текст („Службен весник на РСМ„ бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 20.03. 2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**за нераспишување на референдум**

**Член 1**

Не се распишува референдум на локално ниво за непосредно изјаснување на граѓаните за решавање на прашањето за управување со отпад на регионално ниво со воспоставување на регионален систем за управување со отпад и изградба на Централен објект за управување со отпад - (меѓу) регионална депонија за комунален отпад во Свети Николе (месност Мечкуевци - Арбасанци) бидејќи решавањето на ова прашање е во надлежност на Владата на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр. 0801- 440**
**20.03. 2019 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Одлука за нераспишување на референдум . . . . . . . . . . . .. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.2

**Бр. 0801- 442**
**20.03. 2019 година**
**Свети Николе**